РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
РАЈКО ЖИНЗИФОВ
REPUBLIKA SJEVERNA MAKEDONIJA
OPŠTINSKA OSNOVNA ŠKOLA
RAJKO ŽINZIFOV

Бр. / Br. 01-625/1
22.12 2025 год. / god
Горно Оризари-Велес / Gornje Orizare-Veles

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

# ООУ „РАЈКО ЖИНЗИФОВ“ Г. ОРИЗАРИ, ВЕЛЕС

# ЗА ПЕРИОД ОД 2025 ДО 2029 ГОДИНА

**Декември 2025 година**

**Преамбула**

Развојната програма за работа на основното училиште претставува стратешки документ со кој се дефинираат мисијата, визијата, приоритетните подрачја за развој, како и начинот на следење и евалуација на развојните процеси во период од четири години. Со неа се обезбедува систематско планирање, следење и подобрување на воспитно-образовниот процес, управувањето, ресурсите и меѓучовечките односи во училиштето.

Развојната програма на ООУ „Рајко Жинзифов“ – Горно Оризари, Велес е изготвена врз основа на:

- Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/2019, со измените и дополнувањата објавени во „Службен весник на РСМ“ бр. 74/2025);
- Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште (бр. 18-6579/1 од 06.07.2020 год.);
- Статутот на училиштето;
- Стратегијата за образование 2018 – 2025 и новите насоки за развој на образованието по 2025 година;
- Извештаите од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето за периодот 2021 – 2025 година.

Целта на оваа Развојна програма е да се унапредат квалитетот на наставата и учењето, да се зајакнат професионалните капацитети на наставниците и стручните служби, да се подобрат условите за работа, да се зголеми дигиталната и еколошката писменост, како и да се прошири соработката со локалната и меѓународната заедница.

Програмата ја дефинира насоката во која училиштето ќе се развива во периодот 2025 – 2029 година, преку јасно поставени стратешки цели, мерливи индикатори и очекувани резултати, во согласност со современите образовни стандарди и вредности.

Содржина

Вовед ........................................................................................................... стр. 4
1. Податоци за основното училиште ....................................................... стр. 5
1.1. Идентификациони податоци за училиштето .......................................... стр. 5
1.2. Историјат на училиштето ........................................................................ стр. 6
1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето .................................. стр. 6
2. Преглед на постоечките ресурси ........................................................... стр. 7
2.1. Човечки ресурси ........................................................................................ стр. 7
2.2. Простор и материјални услови ................................................................. стр. 8
2.3. Финансиски ресурси ................................................................................... стр. 8
2.4. Опрема и наставни средства согласно....................................................... стр. 9
2.5. Материјално-финансиско работење на училиште........................................ стр. 12
3. Подрачја на работа на училиштето ........................................................ стр. 12
4. Евалуација на работата на училиштето во претходниот период ......... стр. 13
4.1. Подрачје 1: Планирање, настава и учење ................................................ стр. 13
4.2. Подрачје 2: Постигања на учениците ...................................................... стр. 19
4.3. Подрачје 3: Училишна клима ..................................................................... стр. 21
4.4. Подрачје 4: Управување, раководење и политики ................................. стр. 24
5. Фактори кои влијаат на развојот на училиштето (SWOT анализа) ...... стр. 28
5.1. Локални фактори ........................................................................................ стр. 28
5.2. Национални фактори .................................................................................. стр. 29
5.3. Меѓународни фактори ................................................................................. стр. 29
5.4. SWOT анализа ............................................................................................. стр. 29
6. Мисија и визија на училиштето ............................................................... стр. 30
6.1. Мисија .......................................................................................................... стр. 30
6.2. Визија ........................................................................................................... стр. 30
7. Стратешки цели и приоритетни подрачја (2025–2029) ......................... стр. 30
8. Соработка со родителите и старателите ................................................. стр. 32
9. Соработка со општината, институциите и НВО ..................................... стр. 32
10. Следење на имплементацијата на Развојната програма ..................... стр. 33
11. Евалуација на Развојната програма ....................................................... стр. 34
Заклучок ......................................................................................................... стр. 35
Користена литература .................................................................................. стр. 36
Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште.... стр. 37

Вовед

Развојната програма за работата на ООУ „Рајко Жинзифов“ – Горно Оризари, Велес претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на училиштето, како и начинот на следење и евалуација на реализацијата на програмата во периодот од 2025 до 2029 година, со цел континуирано унапредување на воспитно-образовната работа и квалитетот на наставата.

Оваа Развојна програма содржи:

- податоци за училиштето,
- преглед на постоечките ресурси,
- подрачје на работа и наставен план,
- евалуација на работата на училиштето во претходниот четиригодишен период (интерна и екстерна),
- фактори кои влијаат на развојот на училиштето,
- мисијата и визијата,
- стратешките цели и приоритетните подрачја,
- соработката со родителите, општината и институциите,
- како и начинот на следење и евалуација на имплементацијата на Развојната програма.

Развојната програма е изработена врз основа на:

- Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/2019, со измените и дополнувањата објавени во „Службен весник на РСМ“ бр. 3/2025);
- Законот за наставници и стручни соработници;
- Законот за работни односи;
- Законот за јавни набавки;
- Законот за организација и работа на органите на државната управа;
- Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште (бр. 18-6579/1 од 06.07.2020 год.);
- Статутот на училиштето;
- Стратегијата за образование 2018–2025 и новите насоки за развој на образованието;
- Наставниот план и наставните програми за основното образование;
- Годишните програми и извештаите за работата на училиштето за периодот 2021–2025 година;
- Извештајот од интегралната евалуација и
- Самоевалуацијата на училиштето за периодот 2023–2025 година.

## 1. Податоци за основното училиште

### 1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Рајко Жинзифов“ |
| Адреса | Горно Оризари,Велес |
| Телефон | 075-233-074 |
| Место, општина | Г.Оризари,Велес |
| Веб-страница | https://rajkozinzifovveles.edu.mk/ |
| Е-маил | ou-rajkozhinzifov-dolnoorizari-veles@schools.mk |
| Ден на училиштето | 15 февруари |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 1410 m2 |
| Училиштен двор(m2) | 349 m2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 300 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 168 |
| Број на паралелки | 9 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Босански јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | / |

1.2.Историјат на основното училиште

Училишниот објект на ООУ„Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес се наоѓа во Горно Оризари. Училиштето започнува со работа непосредно по ослободувањето, односно од 1945/46 година, како неполно основно училиште од I-IVодделение и го добива името на првоборецот Благој Кирков роден во Велес. Со понатамошниот развој училиштето прераснува во петолетка, па во шестолетка и така опстојува се до 1972 година. Истата година општинското собрание донесува Одлука училиштето да прерасне во осмолетка ПОУ „Рајко Жинзифов“ за подоцна да го добие денешното име ООУ „Рајко Жинзифов“. Верификацискиот број на училиштето е 10-1408/3 од 17.05.1995год. донесен од Министерството за образование и наука. Воспитно-образовната дејност при ООУ„Рајко Жинзифов“ Г.Оризари, Велес е организирана за учениците од I-IX одделение. Наставата се реализира на босански јазик. Училиштето организира и продолжен престој за учениците од прво до трето одделение.

1.3.Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

Во реализацијата на наставните планови и програми видлива е примената на активни методи, многубројни идејни решенија и стратегии, зголемената динамика и мотивацијата на учениците, како и јасно дефинираните очекувани исходи. Секогаш учениците се центар на нашето внимание. Соработувавме со родителите, локалната средина, медиумите и други организации. Учениците се запознаваат со сопствената, но и со другите етнички култури и традиции, ја развиваат сопствената креативност, учат за демократија детски права и одговорности. Ја развиваат еколошката свест, стекнуваат едукативни знаења и вештини. Сето тоа се реализира преку истражувачка активност во духот на пријателството и дружење.

Голем број на ученици од училиштето под менторство на наставниците по македонски јазик, математика, англиски јазик, биологија, географија, информатика и одделенските наставници учествуваа на бројни општински, регионални и државни натпревари на кои освоија многу признанија, први, втори, трети места и бројни награди.

Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваат по сите предмети и области на оценување. Наставниците континуирано следат обуки вебинари и семинари продлабочувајќи ги и пренесувајќи ги сопствените знаења и искуства.

Проекти кои се реализираат во училиштето:

- Еко училиште со добиени четири зелени знамиња;
- Проектот за меѓуетничка интеграција вообразованието (МИО),
- Проект „Антикорупциска едукација на учениците“

- Еразмус+ проекти
- Проект „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“
- Проект„ Отворен ден по граѓанско образование“
- Проектот „Заедница за учење“
- Учење на 21 век;

Институции со кои училиштето соработува се следните: Општина Велес, Општинскиот инспектор за просвета и спорт, МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МТСП, МИОА, Јавните здравствени институции, Агенција за вработување, Државен завод за статистика, Ресурсен центар, невладини организации итн.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

### 2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| **Стручен профил** | **Број на извршители** | | **Стручна подготовка** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Основно** | **Средно** | **Вишо** | **Високо** |
| Наставен кадар | Одделенска настава | 6 | | | | 6 |
| | Предметна настава | 13 | | 2 | | 11 |
| Раководен кадар | 1 | | | | | 1 |
| Стручни соработници | 2 | | | | | 2 |
| Административни службеници | 1 | | | | | 1 |
| Помошен и технички кадар | 4 | | 3 | 1 | | |

2.2. Работен стаж на вработените

| **Работен стаж** | **Број на вработени наставници во одделенска настава** | **Број на вработени наставници во предметна настава** | **Број на вработени стручни соработници** | **Број на вработени админи-стративни службени-ци** | **Број на вработен технички персонал** | **Број на вработен раководен кадар** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 1 | 6 | / | / | 1 | 1 |
| Од 10 до 20 години | 4 | 5 | 2 | 1 | 2 | / |
| Од 20 до 30 години | / | 2 | / | / | / | / |
| Повеќе од 30 години | 1 | / | / | / | 1 | / |
| Вкупно | 6 | 13 | 2 | 1 | 4 | 1 |

2.3.Простор

| **Простор** | **Вкупен број** | **Површина (m2)** | **Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)** | **Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)** |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 10 | 422,23 | | / |
| Кабинети | 2 | 77,57 | | / |
| Библиотека | 1 | 35,87 | | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Медиотека | 1 | 49,49 | | / |
| Читална | / | / | | / |
| Спортска сала | / | / | | Потреба од изградба на спортска сала за реализација на редовната настава но и за воннаставни активности |
| Канцеларии | 5 | 107,96 | | / |
| Училиштен двор | 1 | 349 | | Хортикултурно уредување |
| Заеднички простор за прослави | / | / | | Потреба од изградба на простор за реализација на прослави и воннаставни активности |
| Кујна | / | / | | / |
| Трпезарија | / | / | | / |
| Друго | / | / | | / |

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| Математика (одд настава) | Хамери-изработки од наставникот за соодветна тема,Табела 100, хамер со таблица од 1 до 10, 3Д геометриски форми, Логички плочки во вид на 2 Д форми-МАГНЕТНИ | -мрежа-за секое 3Д тело -дрвени сметалки |
| Босански јазик (одд настава) | Хамери, Сликовници со кирилична и латинична подршка, лектири на босански јазик, постер со латинична | Дополнителни сликовници на босански јазик,<br>работни листови за почетно описменувањем аудио- |

| | | |
|---|---|---|
| | азбука | материјали за правилен изговорм картички со зборови и слики |
| Музичко образование (одд настава) | Хамери, ЦД плеери, ксилофони, триангл, фрула | Детски музички инструменти |
| Ликовно образование (одд настава) | Потрошен материјал, блок, бои, хамери итн. | Бои за керамика, порцелан |
| Природни науки (одд настава) | Хамери-изработки од наставникот за соодветна тема, | енциклопедии за растенија, за животни, за човекот, за сончевиот систем |
| Физичко и здраствено образование (одд настава) | Спортски реквизити | Спортска сала |
| Математика од VI до IX одд. | Триаголници, линеари, агломер, шестар, дрвени и пластични тела, | Геометриски модели за просторни тела, мрежи за изработка на геометриски телам наставни постери со формули, калкулатори за наставни цели, дигитални наставни алатки и апликации |
| Физика | Тела за определување на тежиште. магнети, призма, рамни огледала, леќа, динамометри, вага за мерење на маса. | Епрувети, шпиртна ламба, стаклени садови, проводници различна должина, батерии од 4,5 волти, адаптер, лемило, поголем сад за вода, ласер, електроскоп, сврзани садови, мензури |
| Босански јазик од VI до IX одд. | Учебници, LCD проектор, бела табла, лектирни изданија на босански јазик, стручна литература | Дополнителни лектирни изданија по возраст, аудио и видео материјали, речници и правописни прирачници, наставни постери (граматика, правопис), работни тетратки и збирки задачи |
| Македонски јазик од VI до IX одд. | Учебници, LCD проектор, бела табла, лектирни изданија на македонски јазик, стручна | Дополнителни лектири и современи автори, правопис и толковен речник,аудио-записи |

| | | |
|---|---|---|
| | литература | за интерпретативно читање, наставни постери (граматика, книжевност), аботни тетратки и збирки вежби |
| Англиски јазик од VI до IX одд. | Цд-плеер, проектор, учебници, постери, картички | Слободни лектири на англиски јазик, |
| Германски јазик од VI до IX одд. | Учебник, ЦД плеер, проектор, | Дополнителни материјали поврзани со материјалот што се изучува, картички, постери, списанија на германски јазик. |
| Биологија од VII до IX одд | Скелет, модел на цвет, микроскоп, модел на мускули на човек | Модел на торзо со мозок, срце и внатрешни органи |
| Хемија од VIII и IX одд | Епрувети,ерленмаер пипети, Модел на атом | Табела на периоден систем (нова) |
| Информатика VI и VII одд | LCD проектор, смарт табла, лаптопи, постери со содржини од информатика и програмирање | Програми за програмирање, лиценциран образовен софтвер |
| Техничко образование V и VI одд | Доволен број на алат и технички средства за изведување на работните задачи | Универзален мерач на струја, електромоторче, батерии за испитување на функционалноста на вежбите |
| Ликовно образование од VI до IX одд | Штафелаи, прибор за работа | Платна, табак хартија, разни бои |
| Музичко образование од VI до IX одд | Пијанино, Папка со CD, блокфлејти, триангл, стапчиња | Орфови инструменти триангли, чинели, учебници, металофон, гитари |
| Физичко и здраствено образованиеVI-IX одд | Спортски реквизити | Спортска сала |
| Историја од VI до IX одд | Историски карти, наставни средства изработени од наставникот и учениците, | Историски карти |

| | | |
|---|---|---|
| | историски атласи,историски атласи, стручна литература | |
| Географија од VI до IX одд | Географски карти од разни региони во светот, Политички карти од повеќе региони во светот, Географски и Индукционен глобус, Модел на Сонце, Земја и Месечина, Географски атласи, Енциклопедии и стручна литература | / |

2.5.Материјално-финансиско работење на училиште

Училиштето на почетокот на секоја година има изработено финансиски план и истиот се реализира тековно според планот и потребите. Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги искористува сите можности за стекнување дополнителни финансиски средства. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства. Раководниот кадар ги консултира сите вработени, кога тоа е потребно, и на соодветно ниво на деталност. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина и за обезбедување пријатна атмосфера за учење во самата училишна зграда.

## 3. Подрачје на работа на основното училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа

| **Подрачје на работа за кое училиштето е верификувано** | **Наставен план и програми** | **Основано од МОН со врификационен број** | **Година на верификација** | **Сегашен број на одделенија и паралелки** |
|---|---|---|---|---|
| Основно образование | Национална програма и нова концепција за образование | Бр.10-1408/3 | 17.05.1995 год | 9/9 |

**Прлеглед на бројот на ученици во последните четири учебни години**

| Учебна година | Број на одделенија (паралелки) | Одделенска настава | Предметна настава | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2021/2022 год | 9 | 106 | 77 | 183 |
| 2022/2023 год | 9 | 108 | 76 | 184 |
| 2023/2024 год | 9 | 103 | 74 | 177 |
| 2024/2025 год | 9 | 99 | 74 | 173 |

Од прегледот на табелата може да се забележи дека во училиштето има намалување на бројот на учениците во последните четири учебни години.

Училиштето за учениците од прво до трето одделение организира продолжен престој. За време на продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности, согласно годишната програма за работа на училиштето, согласно Упатство подготвено од страна на Бирото.

Учлиштето активно организира и реализира воннаставни активности како: организирање на секции, излети, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичкиот парламент.

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

**4.1.** Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| Опис / Резиме на подрачјето |
|---|
| Наставниците работат според наставни планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН.<br><br>Сите наставници навремено изготвуваат Годишни планирања;<br><br>Училиштето му обезбедува навремена обука на секој наставник и стручен соработник за примена на современите методи и техн ики за планирање на наставата. Обучениот кадар, во рамките на стручните активи на наставниците, врши дисеминација на другите наставници и стручни соработници. Во својата работа која подразбира различни услови, различни контексти и се однесува на најразлични теми, наставниците применуваат современи и креативни техники и методи за планирање, со цел развој и учење низ процес на размена меѓу учениците и наставникот. За да се обезбеди квалитет на наставата, училиштето има изготвено Програма за следење и вреднување на квалитетот на наставата, во рамките на која директорот и стручната служба на училиштето со користење на креирани протоколи ги следат планирањата |

најмалку двапати годишно, со утврдени процедури за следење, по што наставниците добиваат повратна информација и поддршка за подобрување на истите. Она што е од поголема важност е дека поддршката и следењето на планирањето наставникот го добива во текот на целата учебна година, преку индивидуални средби со стручната служба и меѓу наставниците.

Наставниците користат стручни искуства од организирани интерни обуки и дисеминации или како размена на искуства на средбите од стручните активи коишто редовно се одржуваат.

Во тек е и реализација на меѓународна соработка со други училишта во рамките на програмата ЕРАЗМУС+ на Европската Унија, на што сме особено горди.

Соработката се состои во организирање средби за размена на искуства, забелешки и идеи во однос на формата и начинот на реализација на наставата, во однос на дефинирање на целите и исходите, како и инструментите за следење на напредокот на учениците, и тоа не само на почетокот на уч ебната година, туку во текот на целата учебна година, што е особено важно за што поуспешно интегрирање на меѓупредметните цели во образовниот процес. Размената на искуство се прави и на тој начин што наставниците имаат можност да присуствуваат на отворени и нагледни часови, како и преку посебно тесна соработка меѓу наставникот-ментор и наставникот-приправник. Кај најголем број од наставниците, како резултат на размената на искуства, планирањата се подобрени, а сите наставници промовираат заемно почитување и меѓусебна соработка.

Наставата во училиштето се реализира редовно и во пропишаниот обем. Училиштето навремено ги информира членовите на Советот на родители за секоја промена.

Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Во училиштето преку анкетни листови учениците навремено прават самостоен избор на изборните наставни предмети. Изборот го прават сите ученици без разлика на полот и етничката припадност. Училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците бидејќи н уди избор на повеќе предмети.

Целите, задачите, активностите и ресурсите се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците. Сево ова овозможува интеракција на повеќе релации. Изборот на задачи и активности со различно ниво на сложеност е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците, односно се применува диференцијација на наставата. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на

дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники избрани и прилагодени на нивните потреби.

- Училишната средина-училницата и другите простории во училиштето, учениците ги доживуваат стимулирачки и мотивирачки. Интеракцијата не е само на релација наставник-ученик, туку и на релација ученик-ученик. За време на часот најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да размислуваат, да поставуваат прашања со цел самостојно да дојдат до одреден заклучок по пат на истражување, изработки,проекти. Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите.

-Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. Сите ученици без разлика на социјалното потекло, етничката припадност или нивниот пол, континуирано се мотивираат активно да се вклучат во процесот на учење и настава. На наставните часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните форми, методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

-Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формираат со Решение/Одлука на директорот на училиштето кога има потреба од тоа, односно кога има ученик со посебни образовни потреби. Како неопходен дел од планирањето и реализацијата на образовната инклузија, изготвени се низа процедури и постапки со кои се обезбедува поддршка на учениците од сите аспекти; Училишниот инклузивен тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, а стручните соработници го реализираат процесот на давање индивидуална поддршка на учениците со посебни потреби, кој е насочен кон јакнење на неопходните функции за живот и учење. Во нашето училиште имаше еден ученик со посебни образовни потреби, кој во меѓувреме се испиша. За унапредување на наставата на учениците со попреченост, училиштет соработува и со ресурсниот центар во нашиот град.

Учениците, заедно со наставниците, стручната служба и Советот на родители редовно спроведува активностите за заедничко учење во наставата, заеднички наставни и воннаставни активности на учениците согласно концептот за МИО. Наставниците во своите програми имаат планирано самостојни МИО-активности (на наставните часови и воннаставни активности), а заедничките активности се реализираат со учениците од партнер- училиштето „Блаже Конески“ од Велес.

-Учениците, наставниците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Атмосферата во училниците и на наставните часови е пријатна и поттикнувачка. Учениците, без разлика на својот социјален статус, етничка припадност или нивниот пол се мотивирани со различни методски техники активно

да учествуваат во наставата и во процесот на стекнување на знаења, самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

-Преку примена на современите методи учениците се поттикнуваат на критичко размислување, самостојност во донесувањето на одлуки и процес на истражувачки активности. Наставниците даваат афирмативни коментари за залагањата на учениците, не ги искажуваат слабите страни пред останатите ученици и редовно ги фалат учениците за постигнатите резултати во учењето. Трудовите на учениците од нивните секојдневни наставни и вонnаставни активности се изложени во самите училници интерно или екстерно на ниво на училиште – на училишните паноа од различни области. При изложувањето на трудовите на учениците се води особена грижа да бидат застапени двата пола, и различните способности за учење.

-Наставниците и стручните соработници сесрдно се трудат систематски да ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, да дадат поддршка за нивно задоволување преку обезбедување на пријатен простор, современи нагледни наставни средства и соодветни наставни методи и техники. Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни методи и техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планиранит е цели. Наставниците и стручната служба на училиштето обезбедува поддршка и на учениците кои наидуваат на потешкотии во учењето за подигнување на нивото на мотивација за учење, активности за јакнење на самодовербата на учениците, примена на техники за поуспешно учење и активно вклучување во целокупниот процес на наставата.

-Оценувањето и вреднувањето на учениците е важен сегмент во образовниот процес на секој ученик. Во таа насока се применуваат законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Се користат разновидни инструменти и методи за оценување, поткрепени со соодветни критериуми и стандарди, како и вклученост на учениците во самиот процес на оценување. Оценката е транспарентна за ученикот, а наставниците редовно и транспарентно ги известуваат родителите за напредокот и успехот на учениците.

- Стручната служба во соработка со наставниците го следи постигнувањето и напредокот на секој ученик и редовно повикува родители на средби за каква било промена во успехот, при што се даваат насоки за видот на поддршка која треба да му се даде на ученикот во училиштето, но и од страна на семејството. Училиштето на ниво на стручните активи има изградени критериуми за оценување усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми по секој наставен предмет наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознати учениците и родителите. Најголемиот број наставници применуваат формативно и сумативното оценување , кое е јавно и транспарентно за учениците.

-Наставниците користат разни методи за оценување на учениците и континуирано го следат и оценуваат нивниот напредок (формативно и сумативно оценување). Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, напредок и постигнувања преку пишана и усна информација како и преку сумативни оценки. Со примена на формативното оценување учениците имаат информација и насоки како да го подобрат својот напредок во учењето. Се вреднуваат тековните постигања на учениците и на тој начин се овозможува наставниците да ги планираат идните активности. Напредокот на учениците во учењето наставниците го следат преку формативното и сумативното оценување и притоа користат различни форми и методи: усна и писмена повратна информација за постигнатото, тематски тестови, контролни задачи, писмени работи, оценување на самостојна истражувачка работа, изведбени активности, проектни активности, водење портфолија и сл., а инструментите за оценување се постојано унапредувани во соработка со стручната служба на училиштето. Учениците се вклучени во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.

-Во нашето училиште се планираат и реализираат вонаставни активности прилагодени според возраста, потребите и можностите на учениците, кои подоцна влијаат врз развој на нивната личност и градење на поголема самодоверба и афирмација. Активностите се планираат и одржуваат во согласност со надареноста, способноста, потребите и желбите на учениците, подеднакво достапни за сите ученици без разлика на полот. Учениците се мотивирани за учество во вонаставните активности, а училиштето ја зголемува својата афирмација и публицитет во рамките на локалната средина и пошироко.

-За учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставната програма редовно се одржува дополнителна настава, а за учениците кои покажуваат посебен интерес и знаење по одредени предмети редовно се организира додатна настава.

-Учениците се запознати со вонаставните активности што се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат вонаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во вонаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Поголем дел од учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за вонаставни активности.

-Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на бројни натпревари и конкурси од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) . Придобивки од вонаставни активности се освоени награди, пофалници, дипломи и афирмација на училиштето

| |
|---|
| Силни страни<br><br>- Училиштето е безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.<br><br>-Транспарентност и редовна информираност на наставниците, учениците и родителите за работата на училиштето и постигнувањата на учениците<br><br>-Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на планирањето.<br><br>-Употреба на различни ресурси на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата.<br><br>-Употреба на различни начини за проверка на знаењата на учениците (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.)<br><br>- Примена на различни интерактивни методи и техники, со што им се даваат можности на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели<br><br>-Училиштето нуди голем избор на воннаставни активности во кои се вклучени сите ученици подеднакво, без разлика на полот, етничката припадност, или нивниот социо-економски статус.<br><br>- Реализација на МИО (интеркултурни) и ЕКО активности со учениците според претходно направен план<br><br>-Учениците се мотивирани за учество во воннаставните активности, а училиштето ја зголемува својата афирмација и публицитет во рамките на локалната средина и пошироко. Една од поновите активности, и посебна гордост за училиштето, е проектот во рамките на програмата ЕРАЗМУС+ на Европската Унија, со што нашето училиште се афирмира и надвор од границите на нашата држава.<br><br>-Успешна работа на Стручните активи.<br><br>- Активен Ученички парламент.<br><br>- Подготовка на учениците за локални, државни и меѓународни натпревари.<br><br>- Интегрирање на потребите на локалната средина во изработка и реализација на наставните планови и програми. |
| Слаби страни<br><br>- Во училиштето постои пристап за лица со физичка попреченост само на приземјето од училишната зграда, исто ваков пристап треба да се овозможи и до првиот кат. |

| |
|---|
| Приоритети<br>- Адаптација на пристапот за лица со физичка попреченост до првиот кат на училишната зграда.<br>- Зајакнување на соработката меѓу наставниците и образовните асистенти. |

## 4.2. Подрачје 2: Постигања на учениците

| |
|---|
| <u>Опис / резиме на подрачјето:</u><br>Оваа самоевалуација истакнува дека училиштето постигнува добри резултати во следењето на постигањата на учениците и во континуираната поддршка преку разни наставни и вонначставни активности, како и во комуникацијата со родителите за напредокот на децата.<br>Голем дел од учениците, односно 70% одговориле со „целосно се согласувам“ а 25% одговориле со „се согласува“ дека се задоволни од информациите за нивниот напредок и 61,66% од анкетираните одговориле со „целосно се согласуавам“ а 31,66% од нив одговориле со „се согласувам“ дека наставниците ги потикнуваат за подобрување на успехот. Како и да е, на прашањето дали им се понудени доволно додатни и дополнителни часови, мислењата на учениците се поделени. Односно околу 60% проценти одговориле позитивно а 40% негативно на ова прашање.<br>Родителите потврдуваат дека се редовно информирани за успехот на своите деца и дека добиваат добри совети за подобрување на успехот и однесувањето на нивните деца. Исто така поголемиот дел на родителите, односно повеќе од 90% сметаат дека на нивните деца им се обезбедени можности за дополнителна и додатна настава кога е потребно.<br>Наставниците успешно идентификуваат ученици со потешкотии во учењето, како и надарени ученици, и активно соработуваат со родителите за подобрување на постигањата на учениците. |
| <u>Силни страни</u><br>Постигања на учениците:<br>• Учениците редовно учествуваат во натпревари по различни предмети и постигнуваат високи резултати.<br>• Учениците на регионалните натпревари по македонски јазик, англиски јазик, биологија и други дисциплини освојуваат медали и се пласираат на државни натпревари.<br>• Позитивни податоци од анкети: голем дел од учениците (71,66%) се согласуваат дека наставниците ја разјаснуваат материјата на различни начини, што покажува индивидуален пристап и поддршка.<br>Поддршка за учениците со тешкотии и надарените ученици:<br>• Редовно се идентификуваат учениците со тешкотии и надарените ученици. Педагогот и психологот активно соработуваат со наставниците за да им помогнат на учениците со потреби. |

| |
|---|
| • Додатна и дополнителна настава е организирана и надарените ученици имаат можност да го прошируваат своето знаење.<br>Информации за напредокот:<br>• Родителите се редовно информирани преку е-дневникот и родителски средби за успехот на своите деца.<br>• Анкетите покажуваат дека повеќето родители добиваат корисни совети за подобрување на успехот и однесувањето на своите деца.<br>Поддршка за редовност во наставата:<br>• Училиштето активно се ангажира за подобрување на редовноста на учениците и постигнува одлични резултати, особено за учениците од I до V одделение. |
| <u>Слаби страни</u><br>Изостанувања и недисциплина:<br>• Изостаноците кај учениците од VI до IX одделение се значителни, особено со необразложените изостанувања, што може да укажува на проблеми со мотивацијата или дисциплината.<br>• Зголемен број на неоправдани изостаноци во повисоките одделенија.<br>Поддршка за учениците со тешкотии:<br>• Постојат ученици кои не добиваат доволно поддршка за совладување на материјалот.<br>• Редовно одржување на додатна и дополнителна наства |
| <u>Приоритети</u><br>1. Да се подобри мотивацијата и редовноста на учениците<br>• Активни интервенции за намалување на изостанувањата: Особено во VI до IX одделение, каде се забележуваат големи неоправдани изостанувања. Може да се воведат програми или активности кои ќе ја зголемат мотивацијата на учениците да присуствуваат редовно.<br>• Промоција на важноста на редовната настава: Организирање на дополнителни мотивациски кампањи, предавања или активности кои ќе ги охрабрат учениците да бидат поактивни и редовни во училиштето.<br>2. Поддршка на учениците со потешкотии<br>• Развој на дополнителни образовни ресурси: Понудата на додатна настава или индивидуални сесии треба да се подобри, особено за учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на материјалот. Важно е да се обезбедат поефикасни методи за учење и повеќе време за консултации.<br>• Подобрување на поддршката за учениците со специфични потреби<br>3. Развивање на додатни наставни активности<br>• Охрабрување на учениците за учество во разни активности: Важно е да се зголеми ангажманот на учениците во разни додатни активности, како што се екскурзии, работилници, клубови и сл. Ова ќе помогне да се развијат нивните интереси и ќе се создаде простор за учење надвор од традиционалната наставна програма.<br>• Поддршка за учениците кои учествуваат на натпревари<br>4. Изградување на капацитетите на наставниците<br>• Професионално усовршување на наставниците: Организирање редовни |

| |
|---|
| тренинг-сесии и работилници за наставниците за нови методи на наставата и ефикасни стратегии за работа со различни видови ученици.<br>• Подобрување на индивидуалниот пристап во наставата: Фокусирање на постигнување на подобар индивидуализиран пристап кон учениците, особено оние кои имаат специфични потреби. |

4.3. Подрачје 3: Училишна клима

| | |
|---|---|
| Опис/резиме на подрачјето | Училиштето има добри резултати во однос на безбедноста, праведноста на правилата и односите со наставниците. Сепак, има простор за подобрување во однос на ангажирањето на ученичката заедница, и одржувањето на хигиената.<br><br>Училишната клима и односите во училиштето се темелат на взаемно почитување со изготвен кодекс на однесување на ученици, наставници и родители. Постои постојано поттикнување на соработка помеѓу наставниците, учениците и родителите, но може и да се воведуваат нови активности и начини за меѓусебна соработка и комуникација.<br>Училиштето ги подобрува условите за работа и ги промовира постигањата на учениците во училиштето преку наградување и презентирање во медиумите. Училиштето ги информира родителите за активностите на учениците преку родителски средби, индивидуални разговори, преку Советот на родители. Училиштето редовно учествува на разни манифестации, обуки, вебинари и на општински, државни и меѓународни натпревари. |
| Силни страни | - Односот меѓу наставниците, родителите и учениците се базира на добра комуникација и взаемно почитување.<br>- Родителите се навремено информирани за напредокот и слабостите на нивните деца.<br>- Постојат добри системи за поддршка и подобрување на условите за работа.<br>- Училиштето е отворено за соработка и овозможува безбедни услови за настава.<br>- Постои еднаквост, правичност и слобода на изразување.<br>- Училиштето е збогатено со нови наставни средства и помагала за настава и електронска комуникација.<br>• Углед/имиџ на училиштето |

| | |
|---|---|
| | -Училиштето е препознатливо како училиште кое промовира високи постигања<br>Кодекс на однесување<br>-Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури<br>Училишна клима<br>-Во училиштето постои добра соработка меѓу вработените (раководниот, наставниот кадар и останатите вработени) кои придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето.<br>Поведение и дисциплина во училиштето<br>-Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените.<br>Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми<br>-Во училиштето функционира Ученички парламент и ученички правобранител и редовно се одржуваат состаноци<br>Познавање и почитување на правата на децата<br>- Учениците сметаат дека нивните права се почитуваат.<br>Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>-Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици.<br>Соработка на училиштето со родителите/старателите<br>- Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат.<br>Соработка со општината и со урбаната заедница<br>-Училиштето е вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти и активности.<br>Превенција и заштита од насилство<br>- Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување.<br>Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>-Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за |

| | |
|---|---|
| | забрана од пушење.<br>Во училиштето се реализираат предавања за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.<br>Квалитет на достапна храна<br>-Во училиштето се води грижа и се промовира здравата исхрана.<br>Хигиена и заштита од болести<br>- Во училиштето два пати годишно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација.<br>Грижа за безбедноста на учениците и вработените<br>-Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат и постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место.<br>Грижа за учениците од социјално загрозените семејства<br>-Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства.<br>Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците<br>- Стручната служба во училиштето ги препознава и им помага на учениците со социо-емоционалните тешкотии.<br>Давање помош при изборот за продолжување на образованието<br>- Училиштето навремено им обезбедува на учениците информации за можностите за продолжување на образованието. |
| Слаби страни | Организирање на дополнителни активности, средби, дискусии, дебати со родителите за да се подигне соработката на уште повисоко ниво |
| Приоритети | - Континуирано посветување на квалитетот на дисциплината во училиштето со цел да се издигне на највисоко ниво.<br>- Јакнење на меѓусебната соработка и комуникација меѓу учениците, вработените и родителите. |

## 4.4. Подрачје 4: Управување, раководење и креирање на политики

**Опис / резиме на подрачјето:**

**Индикатор 1 - Управување и раководење со училиштето**

**Тема 1 - Управување со училиштето**

Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите, како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спороведената анкета со членовите на училишен одбор, може да се забележи дека управувањето со училиштето е на многу добро ниво.

- Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите.
- Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето.
- Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

**Тема 2 - Раководење со училиштето**

Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите, како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спороведената анкета со членовите на училишен одбор, може да се забележи дека раководењето со училиштето е на многу добро ниво.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознати сите вклучени чинители во животот на училиштето.

Раководниот орган работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште.

**Тема 3 - Управување и раководење со ресурсите**

Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите, како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спороведената анкета со членовите на училишен одбор, може да се забележи дека управувањето и раководењето со ресурсите е на многу

добро ниво.

- Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности. Библиотеката има читална, добро е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет и библиотечната евиденција се води во согласност со законската регулатива. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.

**Тема 4 - Раководење со кадарот**

Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите ,како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спороведената анкета со членовите на училишен одбор ,може да се забележи дека раководењето со кадарот е на многу добро ниво.

- Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на *сите наставни планови и програми*, како и стручни соработници. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот. Училиштето има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата.

**Тема 5 - Следење и унапредување на наставниот процес**

Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите ,како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спороведената анкета со членовите на училишен одбор, може да се забележи дека следењето и унапредувањето на наставниот процес е на многу добро ниво.

Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени чек-листи/ протоколи како подготовка за

успешно следење на наставниот час.

**Индикатор 2 -Цели и креирање на училишната политика**

**Тема 1 - Процедури за креирање на училишната политика**

Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите, како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спроведената анкета со членовите на училишен одбор, може да се забележи дека процедурата за креирање на училишна политика - делумно задоволува.

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето континуирано настојува да ги подобри политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

**Тема 2 - Резултати од развојно планирање**

Од секојдневната пракса и од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите, како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спороведената анкета со членовите на училишен одбор, може да се забележи дека резултатите од развојното планирање- делумно задоволува .

Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата. Училиштето делумно ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

**Тема 3 - Планирање и управување со училишниот буџет**

Од анализата на анкетните прашалници за наставниците, учениците и родителите, како и од интервјуто со раководниот орган-директор, како и спороведената анкета со членовите на училишен одбор, може да се забележи дека - делумно задоволува.

Делумно се информираат органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето иако се има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Сепак буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

- Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината

**Силни страни**

1. Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки.

2. Училиштето го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности.

3. Наставниците учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со нивните потреби.

4. За следените наставни часови наставниците добиваат конструктивна повратна информација.

5. Училиштето поттикнува стручно усовршување на наставниот кадар.

6. Учениците го почитуваат кодексот на однесување.

**Слаби страни**

1. Училишниот одбор не секогаш транспарентно ги објавува сите донесени одлуки (преку претставникот на Совет на родители).

2. Училиштето не доволно воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловна средина и граѓанските организации.

3. Немање доволно информации од страна на претставникот од Совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во училиштето и динамиката за нивно реализирање.

**Приоритети**

1.Редовно и транспарентно објавување на сите донесени одлуки на УО, на родителите, преку претставникот од Советот на родители.

- Активна и редовна координација меѓу претставникот на Советот на родители со останатите родители од паралеките;

- Изнаоѓање на алтернативен начин на комуникација, преку некоја од вообичаните социјални мрежи.

2.Воспоставување на партнерства со непосредната локална средина,деловна средина и граѓански организации**.**

-учество во проекти, заедно со други училишта од непосредната локална средина

| |
|---|
| и воспоставување на партнерски однос;<br>-афирмирање на училиштето преку социјалните мрежи, за привлекување на партнерства од локалната и деловна средина;<br>-учество и присуство на училиштето на разни деловни и граѓански манифестации со цел воспоставување и ширење на партнерски однос. |

## 5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)

Развојот на училиштето зависи од повеќе меѓусебно поврзани фактори кои влијаат врз неговото функционирање, организација и квалитет на воспитно-образовниот процес. Овие фактори можат да бидат внатрешни – кои произлегуваат од самото училиште (на пример, човечките ресурси, материјалните услови, организациската култура), и надворешни – кои доаѓаат од опкружувањето (локалната заедница, државните институции, меѓународните програми и политики).

Анализата на овие фактори овозможува училиштето да ги идентификува своите предности и слабости, како и можностите и заканите што влијаат на неговиот развој. Таа служи како основа за планирање на приоритетите и активностите во следниот четиригодишен период (2025–2029), со цел континуирано подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

### 5.1. Локални фактори кои влијаат на развојот на училиштето

Училиштето се наоѓа во село Горно Оризари, Велес. Во близина на училиштето нема културни, образовни или здравствени институции. Сите ученици се од селото Горно Оризари и не користат превоз до училиште. Училиштето има развиена и позитивна соработка со локалната самоуправа на град Велес, со сите основни и средни училишта од Велес, како и со културно-образовните институции во општината. Учениците и наставниците редовно учествуваат во локални манифестации, хуманитарни акции и натпревари, што придонесува за афирмација на училиштето и развивање на натпреварувачки дух.

Во последните години училиштето активно соработува со бројни невладини организации („Нула отпад“, „Вила Зора“, „Фондација Отворено општество“, „Чекор по чекор“, „Диван“ и др.) и е активно вклучено во меѓународни програми, особено во рамките на Еразмус+, преку кои се унапредуваат наставните практики и дигиталната компетентност на кадарот. Локалната заедница активно придонесува во подобрување на условите за работа и поддршка на воспитно-образовниот процес.

### 5.2. Национални фактори кои влијаат на развојот на училиштето

На национално ниво, училиштето активно ги следи реформите во основното образование и работи во согласност со насоките на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Се применуваат националните стандарди за квалитет на наставата, инклузивното образование и развојот на демократска и мултикултурна училишна средина. Со новата образовна рамка за периодот 2025–2030, училиштето го засилува фокусот на дигитализација на наставата, професионален развој на кадарот и примената на современи методи на учење.

Посебно внимание се посветува на воведување на инклузивни практики, ревидирање на наставните програми, развивање на критичко размислување и унапредување на изборните предмети и вонnаставните активности. Училиштето активно соработува со државните институции: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МТСП, МИО, Центар за социјална работа, МВР и други, со цел подобрување на образовните стандарди и поддршка на учениците.

### 5.3. Меѓународни фактори кои влијаат на развојот на училиштето

Училиштето активно учествува во меѓународни програми и соработува со институции и организации како УНИЦЕФ, УСАИД, ОБСЕ, British Council и Goethe Institut. Посебен акцент се става на учеството во Еразмус+ КА1 програми, преку кои наставниците стекнуваат искуства и знаења што се применуваат во наставниот процес. Меѓународната соработка позитивно влијае на квалитетот на наставата, мотивацијата на кадарот и развојот на интеркултурни компетенции кај учениците.

### 5.4. SWOT анализа

| **Силни страни (Strengths)** | **Слаби страни (Weaknesses)** |
|---|---|
| Професионален и мотивиран наставен кадар.<br><br>Позитивна училишна клима и добра соработка со родители и заедница.<br><br>Редовно и навремено планирање и реализација на наставата.<br><br>Активна стручна служба и континуирана поддршка на наставниците.<br><br>Успешна реализација на локални и меѓународни проекти (Еразмус+, еко иницијативи). | Недостаток на спортска сала и делумно застарена опрема.<br><br>Ограничена примена на ИКТ во наставата и недоволна дигитална опременост.<br><br>Недоволен број на специјализиран кадар (дефектолог, логопед).<br><br>Недоволна вклученост на родителите во некои активности.<br><br>Иселување на учениците од локалната заедница. |

| **Можности (Opportunities)** | **Закани (Threats)** |
|---|---|
| Финансиска и логистичка поддршка од Општина Велес и МОН.<br><br>Можности за аплицирање и учество во европски и национални проекти.<br><br>Развивање на партнерства со локални институции и компании.<br><br>Поголема примена на дигитални алатки и онлајн ресурси.<br><br>Професионален развој на кадарот преку обуки и меѓународна размена. | Намалување на бројот на ученици поради миграции.<br><br>Недостаток на финансиски средства за инфраструктурни подобрувања.<br><br>Недоволна техничка поддршка за одржување на ИКТ опремата.<br><br>Брзи промени во образовните политики кои бараат постојано прилагодување.<br><br>Недостиг на мотивација кај дел од учениците и родителите. |

## 6. Мисија и визија на училиштето

6.1. Мисија:

**„Училиште што обезбедува знаење, вредности и припадност.“**

Нашата мисија е да обезбедиме воспитно-образовна средина во која секој ученик се чувствува безбеден, прифатен и поддржан во своето учење и развој. Стремиме кон квалитетно образование засновано на почит, разбирање и соработка меѓу учениците, наставниците и родителите. Преку современи наставни пристапи и отвореност кон нови идеи, го градиме карактерот, знаењето и одговорноста кај секое дете.

6.2. Визија:

**„Современо училиште што инспирира промени и создава иднина.“**

Визијата на нашето училиште е да биде пример на заедништво, посветеност и квалитет – место каде учењето е радост, а успехот резултат на труд и соработка. Стремиме да создадеме генерации ученици кои размислуваат критички, ја негуваат културата и традицијата, и со стекнатото знаење активно придонесуваат за развој на својата заедница и општеството во целина.

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

Врз основа на резултатите од самоевалуацијата 2023–2025 година и изведената SWOT анализа, училиштето ги утврди следните стратешки цели и приоритетни подрачја за развој во периодот 2025–2029 година. Овие цели се насочени кон унапредување на квалитетот на

наставата, поддршка на професионалниот развој на кадарот, подобрување на условите за работа и јакнење на соработката со учениците, родителите и заедницата.

| Приоритетно подрачје | Стратешка цел | Активности | Индикатори за успех | Одговорни лица | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Подобрување на квалитетот на наставата и учењето | Зголемување на квалитетот и ефективноста на наставниот процес преку современи методи и дигитална трансформација. | • Примена на активни методи и формативно оценување. • Воведување дигитални наставни алатки. • Размена на добри практики. • Следење и евалуација на наставниот процес. | • Подобрени резултати на учениците. • Зголемена мотивација. • Поголема примена на ИКТ. | Директор, стручна служба, наставници | Континуирано (2025–2029) |
| 2. Развој на професионалните компетенции на наставниците и стручната служба | Континуирано усовршување и професионален развој на наставниците и стручната служба. | • Организирање обуки и семинари. • Вклучување во Еразмус+ проекти. • Формирање менторски парови. | • Зголемен број наставници вклучени во обуки. • Подобрена наставна пракса. | Директор, стручна служба | Секоја учебна година |
| 3. Подобрување на материјалните услови и ИКТ опременоста | Создавање современи и безбедни услови за работа и учење. | • Обнова на опрема и мебел. • Опремување со дигитални уреди. • Уредување на двор и санитарии. | • Подобрени услови за настава. • Поголема безбедност. • Ефикасно користење на ИКТ. | Директор, Општина Велес, наставници | 2025–2029 |
| 4. Јакнење на соработката со родителите и локалната заедница | Развивање на партнерства и активно учество на родителите и институциите. | • Организирање заеднички настани. • Вклучување на родители во совети. • Соработка со институции и НВО. | • Поголема вклученост на родители. • Реализирани заеднички проекти. | Директор, Совет на родители, наставници | Континуирано (2025–2029) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. Развој на ученичката партиципација и инклузивноста | Поттикнување активно учество на учениците и промовирање на инклузивна култура. | • Активна работа на ученички парламент.<br>• Волонтерски и инклузивни активности. | • Зголемена ученичка активност.<br>• Подобрена соработка и одговорност. | Директор, наставници, ученички парламент | Континуирано (2025–2029) |

**8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите**

Соработката на училиштето со родителите и старателите се заснова на принципите на транспарентност, доверба и заемна одговорност во процесот на воспитание и образование.
Во наредниот период училиштето ќе продолжи со унапредување на комуникацијата и активната вклученост на родителите во животот и работата на училиштето.
Преку Советот на родители, родителите ќе бидат редовно информирани и ќе учествуваат во донесувањето мислења и предлози за клучни документи како што се: Годишната програма, Развојната програма, Самоевалуацијата, Програмата за екскурзии и безбедносните протоколи.
Во соработка со Центарот за јавно здравје – Велес, училиштето ќе обезбеди навремено информирање за спроведување на систематски прегледи, вакцинации и други превентивни активности.
Ќе се поттикнува активно учество на родителите во реализација на воспитно-образовни и хуманитарни активности, волонтерски иницијативи и училишни манифестации, како и во промовирањето на позитивни вредности и култура на меѓусебна почит.

**9. Соработка на основното училиште со општината, институциите и невладините организации**

ООУ „Рајко Жинзифов“ – Горно Оризари одржува континуирана и продуктивна соработка со Општина Велес, како основен основач и партнер во унапредувањето на воспитно-образовниот процес.
Училиштето активно соработува со институции од областа на образованието: Министерство за образование и наука (МОН), Биро за развој на образованието (БРО), Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА), Државен испитен центар (ДИЦ), Министерство за труд и социјална политика (МТСП), Државен просветен инспекторат и Народен правобранител.
Се негува соработка и со високообразовни установи, како и со бројни невладини и меѓународни организации – УНИЦЕФ, УНДП, ПАКОМАК, „Нула отпад“, „Вила Зора“, British Council, Goethe Institut и др. Преку заеднички проекти, обуки и активности, училиштето го зајакнува квалитетот на наставата, инклузивноста и еколошката свест кај

учениците, истовремено придонесувајќи за развој на локалната заедница и промовирање на европските вредности.

## 10. Следење и имплементација на Развојната програма за работа на училиштето

Следењето на имплементацијата на Развојната програма има за цел да обезбеди континуирана проверка и анализа на реализацијата на стратешките цели и активности, како и оценување на нивната ефективност. Процесот ќе се спроведува систематски во текот на целиот четиригодишен период (2025–2029) од страна на директорот, стручната служба, наставниците, Советот на родители и Училишниот одбор, со користење на различни инструменти за следење и евалуација.

| Подрачје на следење | Активности за следење и евалуација | Одговорни лица | Период на реализација | Инструменти и извори на податоци | Начин на известување и користење на резултатите |
|---|---|---|---|---|---|
| Реализација на стратешките цели и активности | Анализа на постигнувањата и спроведените активности од Развојната програма | Директор, стручна служба | Годишно | Извештаи, записници, планови, анкети | Годишен извештај и анализа на Совет на наставници и Училишен одбор |
| Квалитет на наставата и учењето | Внатрешна евалуација на наставниот процес и применетите методи | Стручна служба, наставници | Континуирано | Набљудување, анкетирање, извештаи | Презентирање резултати и предлог за подобрување |
| Професионален развој на кадарот | Следење на учество во обуки, семинари и размена на искуства | Директор, стручна служба | Секоја учебна година | Евиденција на учества, сертификати, листи на присутност | Полугодишен извештај и вклучување во план за усовршување |
| Материјално-технички услови и ИКТ | Евиденција и анализа на подобрувања во инфраструктурата и опремата | Директор, техничко лице, општина | Годишно | Извештаи, записници, фотографии | Извештај до Општина Велес и Училишен одбор |
| Соработка со родители и | Анализа на вклученост и | Директор, Совет на | Континуирано | Анкети, записници од | Извештај за соработка и |

| Подрачје на следење | Активности за следење и евалуација | Одговорни лица | Период на реализација | Инструменти и извори на податоци | Начин на известување и користење на резултатите |
|---|---|---|---|---|---|
| заедница | заеднички активности со родители и институции | родители | | состаноци | препораки за подобрување |
| Ученичка партиципација и инклузивност | Следење на активностите на ученички парламент и инклузивни проекти | Стручна служба, наставници | Континуирано | Евиденција на активности, фотографии, извештаи | Анализа на успешноста и препораки за следната година |

## 11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на Развојната програма има за цел да го утврди степенот на реализација на поставените стратешки цели, како и ефективноста и влијанието на спроведените активности врз квалитетот на воспитно-образовниот процес.
Во наредниот четиригодишен период (2025–2029), евалуацијата ќе се реализира преку активно следење и анализа на напредокот од страна на членовите на работните групи за приоритетните подрачја и тимот за самоевалуација на училиштето.

Евалуацијата ќе се спроведува со употреба на различни инструменти и методи, како што се:

- прашалници за наставници, ученици и родители,
- записници и извештаи од состаноци,
- документи за реализација на активности,
- дискусии и интервјуа со засегнати страни,
- увид во работата на наставниците и учениците,
- процес на набљудување и анализа на постигнувања,
- независни евалуациони извештаи.

Резултатите од евалуацијата ќе послужат како основа за подобрување на Годишните програми и за ревидирање на Развојната програма во наредниот циклус на планирање.

## Заклучок

Развојната програма на ООУ „Рајко Жинзифов“ – Горно Оризари претставува стратешки документ кој ја определува насоката на развојот на училиштето во периодот 2025–2029 година.
Нејзината реализација ќе овозможи континуирано унапредување на воспитно-образовниот процес, развивање на современи наставни практики и создавање поттикнувачка, инклузивна и безбедна средина за учење и работа.

Остварувањето на поставените цели ќе зависи од заедничката ангажираност на сите чинители во училиштето – директорот, наставниците, стручната служба, учениците, родителите и локалната заедница.

Преку партнерство, професионален развој и заемна поддршка, училиштето ќе продолжи да го гради својот идентитет како современа, отворена и одговорна образовна институција која ги негува вредностите на знаењето, почитта и човековоста.
Развојната програма не е статичен документ, туку жив процес кој ќе се прилагодува на новите потреби, предизвици и можности, со единствена цел – обезбедување поквалитетно образование за секој ученик.

**Користена литература**

1. Закон за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20, 198/23 и 62/24).
2. Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 295/21).
3. Закон за работни односи („Службен весник на РСМ“ бр. 167/15, 27/16, 120/18 и 288/21).
4. Закон за јавни набавки („Службен весник на РСМ“ бр. 24/19 и 198/21).
5. Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РСМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10).
6. Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште (МОН, 2019).
7. Статут на ООУ „Рајко Жинзифов“ – Горно Оризари, Велес.
8. Стратегија за образование 2018–2025 (Министерство за образование и наука на РСМ).
9. Наставен план и наставни програми за основно образование (Биро за развој на образованието, 2023).
10. Извештаи за работа и самоевалуација на ООУ „Рајко Жинзифов“ за периодот 2021–2025 година.
11. Сеопфатна стратегија за образованието 2018–2025 (МОН, Скопје).
12. Концепција за инклузивно образование (МОН, 2020).
13. Концепција за образование од далечина во основното и средното образование (МИОА и МОН, 2020).

Основно општинско училиште „Рајко Жинзифов“ - Горно Оризари, Велес
ou-rajkozhinzifov-dolnoorizari-veles@schools.mk 075/233-074

**Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште**

Членови на комисијата:

1.ВД Директор: Амра Хоџиќ;
2. Педагог: Даниела Стојанова Зафирова;
3. Психолог: Тоше Лучков;
4.Одделенски наставник: Весна Сиљанова;
5.Одделенски наставник: Сања Јорданова Николова;
6.Предметен наставник: Анита Мечкаровска;
7.Предметен наставник: Анита Коцевска;
8.Претставник од родителите: Амина Нумановиќ;
9. Претставник од родителите: Русмир Ајдарпашиќ.

22.12.2025 година

Горно Оризари, Велес

МП

ВД Директор:

Амра Хоџиќ

Заменик претседател

на Училишен одбор:

Мирза Ибрахимовиќ